Глигор ТОДОРОВСКИ

# ПРИЛОГ КОН ИСТОРИЈАТА НА ВЛАСИТЕ (АРОМАНИТЕ) ВО МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК ДО КРАЈОТ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Нашата македонска историска наука нема точни, односно егзактни податоци, за бројот на населението што живеело на територијата на географска и етничка Македонија, посебно за времето на османлиското владеење до Балканските војни. Слична била состојбата и по Балканските, по Првата светска војна, па и во меѓувоениот период и сè до крајот на Втората светска војна. Статистичките податоци за бројот на населението во Македонија во модерните и современите статистики не влеваат целосна доверба. Сепак, статистиките по Првата и Втората светска војна во значителна мерка се разликуваат од статистиките што ги изнесуваат многубројните автори од османлиското време на владеење. Во тоа време биле прибирани статистики по емпириски пат. Најголем нивни недостаток бил што тие статистики во национална смисла не биле целосно точни; тие биле непрецизни и со тотално негирање или зголемување на одделни национални ентитети. Тоа го покажуваат и приложениве наши статистички податоци за бројот на населението во Македонија, во овој временски период. Притоа, дошло до целосен израз националната определеност на авторите на истите, со намалување или со зголемување на бројот на онаа популација во Македонија чиј приврзаник бил авторот. Посебно треба да истакнеме дека во споменативе статистики, број на македонскиот ентитет не постои, поради определени политички и националистички гледишта. Поради тоа основна карактеристика на сите официјални и неофицијални статистики, за бројот на населението, речиси, сè до крајот на Втората светска војна се карактеристични по тоа. Споменувањето и на Власите (Ароманците) во постојаните официјални и неофицијални статистики, посебно по Балканските војни, ги нема, што е мошне индикативно. Тие биле закривани со верската компонента, така што почнува еден процес кај Власите (Ароманците, односно Ароманите), за извесно губење на нивниот ентитет, или конкретно речено почнува нивното асимилирање во сите балкански земји, па и во Македонија. Тоа говори за становиштето на владејачките кругови на односните земји и за приспособливата природа на Власите со соседите со кои живееле, губејќи го на тој начин сопствениот ентитет. Едноставно Власите биле како предо-

дредени кон денационализација[1], поради определени историски причини.

Да се навратиме кон конкретната наша задача на прилогов. Ние спомена-вме дека исклучително е тешко да се изнајдат статистички податоци за бројот на населението за османлиското владеење со Македонија до Балканските војни. Меѓу историчарите често пати се слуша мислата дека во времето на владеењето на Турците-османлии во Македонија и пошироко на балканските простори, не постоела некоја систематска и редовна статистика, што е сосема точно. Мнозина историчари тоа го земаат за точно и тоа со право. Меѓутоа, дали е можно во апсолутна смисла оваа појава да ја земеме за веродостојна? Треба да се истакне дека и во времето на османлиска Турција, како држава, сепак, треба да претпоставиме дека било неизбежно да постои каква-таква и определена статистика. Статистичките податоци биле неопходни за да се следат сите движења во општеството, инаку тоа не би можело да егзистира, а како што е познато Турција постоела повеќе векови. Таква, или слична, била состојбата и со бројот на населенијата што постоеле во тогашна Турција. Сепак, турските органи на власта како држава, објавувале официјални годишни статистики, како за стопанските, така и за другите движења во државата. Покрај ова биле објавувани и статистички податоци од етнографска природа и за верските движења. Меѓутоа, со право се поставува прашањето од учените луѓе за вредноста, точноста и корисноста на тие официјални статистики. Тоа е подруго прашање. Во тогашна Турција, исто така, биле објавувани статистички податоци за секоја година, што во Македонија не се сочувани во поголем и целосен број, коишто можат да придонесат и да се задоволат некои потреби во таа смисла, за проучување на сите настани и движења и во сите сфери од постоењето на тогашна Турција.

Сепак во тогашна Турција постоела една статистика којашто македонската историска наука недоволно ја користи, не од некорисноста на тој вид податоци што се наоѓаат во тие материјали, туку од нивната недостапност. Треба да се истакне дека тие архивски материјали, сѐ уште не се доволно истражени, за да се даде една појасна слика во етнографска смисла. Сметаме дека е тоа основна причина за нивното некористење. Тие архивски материјали се т.н. турските нуфузи, или нуфуси. Под поимот нуфуси во Турција се подразбирале финансиските книги во кои биле запишувани сите даночни глави, т.е., луѓето коишто требало да плаќаат каков било данок, сите машки и женски лица, без разлика на верата што ја исповедувале.[2] Тие биле единствените книги во Турција во кои биле внесувани: името и презимето на даночната глава, потоа, местото и годината на раѓањето, занимањето и верската определба на лицето.[3] Така, за верската определеност на луѓето во нуфусите за Турците и за сите други муслимани што ја исповедувале муслиманската религија, како

---

[1] Констатин Папаначе, Рефлекси врз историјата и политичката судбина на Ароманците, Скопје, 2001,129.

[2] Глигор Тодоровски, Нуфуското прашање и напорите на српската влада за признавање на „српската" народност во Македонија во последните децении на минатиот век (српски извори), Гласник на Институтот на национална историја, Скопје, 1998, 2, 117.

[3] Истото, 117.

што биле Албанците, исламизираните Македонци и др., стои поимот „ислам" или „муслиман".[4] По овој повод е интересно да се напомене дека Ромите, во тоа време во најголем дел во Македонија биле муслимани, што зависело од тоа во која средина тие живееле и се определувале за христијани или муслимани. Тие биле запишувани под поимот „Чингене" или „Ципси".[5] Припадниците на католичката вероисповед, пак, под поимот „католик". Евреите биле запишувани под поимот „јаудист" додека при воведувањето во нуфуските книги на Македонците, на Бугарите, на Грците и на другите луѓе од православната вероисповед биле запишувани под поимот Рум или „Урум" што означувал Грк.[6] Ваквиот однос на турските власти спрема сите лица коишто ја исповедувале источната православна вера било мошне голема победа на грцизмот. Оваа поделба, во етнографска смисла, веројатно произлегувала од првата административно-политичка поделба на Османлиската империја на две големи провинции. Така, турските владееења во азискиот дел на континентот, биле наречени „Анадолија" додека европските владења на Турците-Османлии биле наречени „Румелија" што означувало земја на Грците. Тоа им создало можност на грчките верски фактори да вршат силно културно и просветно влијание врз сите источно-православни луѓе во тогашна Турција и сл. И со еден друг поранешен султански акт, Грчката патријаршија наречена фанариотска. Реонот каде што постоело нејзиното седиште бил наречуван фанар и оттаму потекнува поимот фанариотска. Со тој султански акт бил признат приматот на грчкиот патријарх во Цариград за шеф на сите христијани во Османлиската империја. Тоа било огромна историска привилегија на грчката источно-православна црква којашто со текот на времето настојувала да ги грцизира сите христијани во Империјата наметнувајќи го грчкиот јазик, писменост и култура преку црквите и училиштата.

Мошне е интересна појавата дека со воведувањето на нуфуските книги влашкиот ентитет не се појавува одделно. Тоа веројатно се должело на верската припадност на Власите. Во најголемото мнозинство Власите биле источноправославни луѓе, и како такви припаѓале кон патријаршиската црква и трпеле многу векови силно културно и политичко влијание од грцизмот, иако како посебен поим „Влав" тие се сретнуваат уште од X век. Тоа силно грчко влијание врз Власите од грчката црква и од грчките училишта оставило мошне големи траги врз Власите, односно Ароманите. На тој начин во значителна мерка била попречувана нивната афирмација на културен, просветен и национален план, како посебен национален ентитет. Правото на Власите да бидат присутни како посебен ентитет во Османлиската империја тие ќе го стекнат нешто подоцна, по долгите борби и настојувања во почетокот на XX век, во 1905 година, со едно султанско Ираде, кога биле признати како посебен национален ентитет во Империјата. Од таа година Власите, односно Ароманите

[4] Истото, 117.
[5] Истото, 117.
[6] Ираде (турски збор, ирид) употребуван во Османлиската империја. Под овој поим се подразбирало официјален акт, указ во форма на царска, односно, султанска наредба. Таа се доставувала на големиот везир (претседател на владата) за објавување и извршување.

во Турција, се здобиле со можност за поголема афирмација на културен, просветен и национален план, да создаваат свои училишта, цркви и др., како јазикот, на својот посебен јазик. На тој начин се отворила нова страница во историјата на Власите во Империјата, која, всушност, била многу краткотрајна, односно сè до Првата балканска војна, кога настануваат нови општествено-политички прилики во Македонија, односно во Турција. Со Балканските војни било извршено распарчување на Македонија меѓу балканските соседи што имало непосреден одраз и врз Власите во Македонија. Тогаш и Власите го изгубиле и тоа право што го стекнале во Империјата, по долгогодишните настојувања. Во поделената Македонија по Балканските војни помеѓу Грција, Бугарија и Србија настануваат нови и тешки времиња како за македонскиот, така и за влашкиот ентитет во Македонија и на Балканот. Од наш македонски аспект гледано, султанското Ираде за, признавање на Власите како посебен ентитет во Империјата од 1905 година[7], несомнено претставувало голем чекор напред за нив, како и за Македонците во Империјата. Имено, откажувањето и издвојувањето на Власите од силното влијание на Патријаршијата, придонело да се намали основата врз која се базирал грцизмот во Македонија во сите нејзини етнички делови. До каде дошол тој судир меѓу Грците и Власите во времето на еманципацијата на Власите во Империјата го потврдува и фактот што помеѓу Романија и Грција дошло и до прекин на дипломатските односи во 1904/05 година, бидејќи Романија била една од балканските држави и поради определени политички причини го поддржувала движењето на Власите во Македонија. Несомнено за ваквиот однос на Романија срема Власите во Империјата влијаеле и сличните етнички белези на Власите и Романците.

И уште нешто во овој контекст, за воведувањето на другите ентитети во Македонија во турските нуфуси. И Бугарија, по прилично долго натегнување успеала за македонскиот ентитет да ја наметне во нуфусите синтагмата „Булгар миллет“ (бугарски народ) во втората половина на XIX век, додека Србија во 1897 година за Македонците да ја наметне синтагмата „Срб миллет“ (српски народ). Меѓутоа, треба посебно да истакнеме дека во текот на времето поимите: „Рум“, „Булгар“, „Срб“ миллет постепено почнале да означуваат и народносно обележје на грчката, на бугарската и на српската пропаганда во Македонија. Тие, автоматски се здобиле со „своја“ народност во Македонија. Ваквото „решавање“ на грчкото, бугарското и српското прашање во Македонија имало мошне крупни и тешки последици во историјата на македонскиот народ, чии последици се чувствуваат и во најново време.[8]

Интересно е да се спомене дека во истражените архивски материјали од наша страна во Дипломатскиот архив при поранешниот Државен секретаријат за надворешни работи, во Белград, во политичко-просветното одделение, во објавените шест книги под наслов: „Српски извори за историјата на Македонскиот народ (1896-1914 )“ никаде во дипломатските акти на српските дипломатски претставници во Турција, односно во Македонија, во балканските

[7] Глигор Тодоровски, Нуфуското прашање ..., 117.
[8] Истото, 117-118.

престолнини и пошироко во Европа не најдовме влашкиот ентитет да се споменува како посебен ентитет. Тоа, веројатно не се должело на недоволниот интерес на српските дипломатски претставници за Власите, туку повеќе на тоа што тие биле под силно влијание на грцизмот и како такви биле третирани од страна на српските дипломати. Општ е впечатокот дека Балканските и Првата светска војна биле причина, како и македонскиот народ, да не се спомнуваат Власите. Така останала вербата и надежта за афирмирање на Власите што живееле во составот на Османлиската империја, иако во географска смисла тие биле многу раширени и живееле на поголем простор што се одразувало и врз натамошното нивно егзистирање. Тие живееле повеќе во одделни географски енклави. Со разделувањето на Македонија со Балканските и Првата светска војна тотално пропаднале сите надежи на Власите, и ги зафатил темен песимизам во национална смисла.

И со окупацијата на Вардарскиот дел на Македонија од Србија, на Егејскиот дел од Грција и на Пиринскиот дел од Бугарија во 1912/13 година, во првиот извршен попис на населението во Вардарскиот дел на Македонија, Власите, воопшто не се споменуваат како посебен национален ентитет. Така, со Букурешкиот мировен диговор од 10 август 1913 година, под закрилата на големите сили, била задоволена тенденцијата на балканските буржоази, а со тоа бил нанесен голем политички и национален удар на македонскиот и на влашкиот елемент на Балканот.[9] Единствено во еден документ од 30 мај 1917 година, всушност, шефот на Полициската станица во Бер, (денес Флорина, во Грција), околискиот началник Љубомир Марковиќ, во доставениот список до српската бегалска влада во Солун, за бројот на селата во Берската околија споменува Власи во оваа околија и тоа 7415 жители и 1505 нивни домови.[10] Во овој контекст, ќе го спомнеме и трудот на Константин Папаначе, преведен на македонски јазик, издаден во Скопје, во 2001 година,[11] и ако се отфрлат од него некои непрецизности и извесни шовинизми, трудот претставува солидна студија за Власите во минатото. Во овој труд, покрај другото се наоѓаат и податоци за бројот на Власите, односно Ароманите во Македонија. По овој повод ќе изнесеме дека во Македонија се појави еден комплементиран труд за Власите во Македонија. Во овој труд можат да се најдат многу податоци за бројот и животот на Власите во Македонија. Во текот на Првата светска војна, од страна на големите држави коишто учествувале во неа биле формирани посебни комисии во 1917 и 1918 година; тие биле составени од стручни лица: јазичари, историчари, етнолози и други за да ја испитаат етнографската и другата состојба во Македонија. Меѓутоа, за жал тие материјали сè уште не се истражени, а не се ни објавени. Може да се претпостави дека во овие материјали, покрај другото, се наоѓаат податоци и за Власите во Македонија.[12]

---

[9] Милан Вујичић, Речних места у ослобођеним областима Старе Србије, Београд, 1914.
[10] Документот е фотокопија и сопственост на авторот.
[11] Констатин Папаначе, Рефлекси врз историјата ..., 262.
[12] Д-р. Боро Петковски, Битолската чаршија. Местото и улогата на Власите, Скопје, 2000, 437.

Да минеме на последниот дел на прилогов. Споменативе статистички податоци за бројот на Власите во Македонија, кај повеќе од 20 автори коишто се однесуваат за Македонија, односно за географска Македонија се наоѓаат податоци за бројот на Власите. По овој повод ќе напоменеме дека овие публикации, покрај податоците за бројот на Власите во Македонија содржат податоци и за бројот на сето население коешто живеело во Македонија до крајот на Првата светска војна, така што овие податоци можат да помогнат и во друга смисла. Ова нè наведе да се потсетиме на некои подзаборавени автори. Трудовите на авторите што ќе ги спомнеме на крајот од прилогов се хронолошки подредени, така што тие даваат една претстава за бројот на населението во Македонија, иако не треба многу да им се посвети внимание за нивната точност. За секој посочен автор ние ја споменуваме и неговата национална припадност, што укажува на фактот дека поодделни автори ги прикажуваат бројките за населението во Македонија според нивната национална и политичка припадност. Така авторите од романско потекло прикажуваат најголем број на Власи во Македонија, додека турските статистики прикажуваат мошне помал број, а грчките автори од пропагандистички и политички причини, прикажуваат минимален број на Власи во Македонија. Имено познато е за силната грчка пропаганда врз Власите во Македонија, прикажувајќи ги сите Власи и припадниците на Грчката патријаршија за Грци, што сосема било погрешно и неисториски. На тој начин се добивала една историски исконструирана бројка за Грците во Македонија. Меѓу авторите има: Руси, Чеси, Французи, Бугари, Срби и други. Сите наслови се на француски јазик, а меѓу нив има и турски официјални статистики и на други одделни држави.

Чувствувам потреба да го спомнам уште и прашањето што дојде како сознание од прочитаните материјали од приложениве податоци за бројот на Власите во Македонија. Прашањето се однесува за поимот „Власи". Власите се споменуваат различно во изнесениве статии, односно под различни имиња: Аромани, Арумуни, Аромански Цинцари, Куцо-Власи, Каракачани, Македо-Власи и друго. Имајќи ја предвид истоветноста на сите споменати категории Власи во Македонија, сметам дека би требало во нашата историографија и етнографија да се прифати како единствен поим за Власите во Македонија- поимот Аромани. Се разбира свое мислење, по овој повод треба да дадат јазичарите, историчарите и други специјалисти. Ќе спомнеме дека и самите Власи во Македонија така се именуваат. И на крајов да спомнеме еден факт што има мошне индикативен и позитивен аспект, дека никаде во историјата на македонскиот народ не се сретнува каков било судир меѓу Македонци и Власи, освен некои исклучоци. Тоа веројатно се должело на истоветната општествено-политичка состојба, на верската компонента на Македонците и Власите. Именувањето на авторите коишто споменуваат Власи во Македонија никако не значи дека не постојат и други автори што даваат податоци за бројот на Власите во Македонија во втората половина на XIX век и до крајот на Првата светска војна. Ние ги користевме овие автори кои што ги сметавме за најмеродавни.[13]

---

[13] Donnees statistiques, во издание на Comite national de lunion des organizations des émigrés macedoniens in Bulgarie, Sofia, 1928 (s.p.).

Да ги спомeнеме авторите и бројките што тие ги даваат за Власите во Македонија во соодветното време:

1. Prince Tcherkasky, по народност Рус, трудот е отпечатен во 1877 год., споменува 187 000 Власи во Македонија.
2. V. Teploff, Рус, 1877 год, 631 895.
3. Statisque grecque, Грк, 1878 год., 70 000.
4. Statistique officielle torque, на турски јазик, 1881 год., 17 260.
5. St. Verkovitch, Србин, 1889 год., 74 375.
6. Spiro Goptchevitch, Србин, 1889 год., 69 655.
7. Prof. G. Weigand, Германец, 1892 год., 70 000.
8. D-r Cleanthes Nicolaides, Грк, 1899 год., 41 200.
9. Vasil Kantcheff, Бугарин, 1900 год., 80 767.
10. Gaston Routier, Французин, 1904 год., 183 000.
11. Delyani, на грчки јазик, 1904 год., 25 101.
12. Statistique officielle torque, на турски јазик, 1904 год., нема податоци.
13. Statistique officielle torque, на турски јазик, 1905 год., нема податоци.
14. Journal „Le Temps“, на француски јазик, 1905 год., 150 000.
15. D. M. Brankoff, Бугарин, 1905 год., 63 895.
16. Noe Constantin, Румун, 1905 год., 350 000.
17. Prof. T.D. Florinsky, Рус, 1905 год., нема податоци.
18. Robert Pelletier, Французин, 1905 год., 63 000.
19. Richard von Mach, Германец, 1906 год., 56 118.
20. Vl. Sis, Чех, 1912 год., 67 865.
21. Prof. Iordan Ivanoff, Бугарин, 1912 год., 79 401.
22. A. Chalkiopoulos, Грк, 1913 год., 8 500.
23. Leon Dominian, Американец, 1971 год., 63 895.